Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore
М-НАВ АД - M-NAV SHA
бр. 02-500/24
15-04-22

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 26, член 34 став 1 алинеја 6 од Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 - Пречистен текст), Управниот одбор на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје на ден 15.04.2022 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## За измена на Правилник за деловна тајна и за исклучоци од слободен пристап до информации

**Член 1**

Во Правилникот за деловна тајна и за исклучоци од слободен пристап до информации бр. 02-527/1 од 05.11.2009 година, членот 8 се менува и гласи:

„Раководителот на одделение за односи со јавност и/или вработен во Одделението за односи со јавност во Секторот за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции при „М-НАВ" А.Д. - Скопје се определува за службено лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Службеното лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Извршниот директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции постапуваат по сите барања за пристап до информации од јавен карактер во согласност со своите надлежности и одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во случај на потреба од спроведување на тест на штетност согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, истиот го спроведуваат службеното лице за посредување при остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер и Управниот одбор на „М-НАВ" А.Д. - Скопје.

За сите барања за пристап до информации од јавен карактер Извршниот директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции донесува Решение."

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

Управен одбор на „М-НАВ" А.Д. Скопје

Fahrudin Hamidi, Претседател

Migjen Salmani, член

Владко Крстевски, член

АД Скопје М-НАВ M-NAV SHA Shkup